ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2021 ГОДИНА НА ОПШТИНА КАРПОШ
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

01 2022 07 04/1

Скопје, мај 2023 година

## С О Д Р Ж И Н А

| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 14 |
| **Финансиски извештаи за 2021 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 15 |
| Биланс на состојба | 16 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| Вовед | 17 - 17 |
| Сметководствени политики | 17 - 22 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 22 - 30 |

Прилог 1 - Преглед на резултатите од преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 12-30/7 од 27.03.2018 година за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2016 година на Општина Карпош

Прилог 2 - Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Прилог 3 - Одговор на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Кратенки користени во извештајот:

АКН - Агенција за катастар на недвижности

ГКИС - Геодетско катастарски информациски систем

ЗЕЛС - Заедница на единиците на локалната самоуправа

ЗЛС – Закон за локалната самоуправа

ЗФЕЛС - Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа

ЕДБ - Единствен даночен број

ЕМБГ - Единствен матичен број на граѓанинот

МЗШВ - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

МТВ – Министерство за транспорт и врски

УЈП - Управа за јавни приходи

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 29-570/7
Дата: 29.05.2023

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Карпош, на сметката на основен буџет (630), за 2021 година.

Со извршената ревизија, изразивме мислење без резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2021 година и мислење со резерва за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија за 2016 година и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Карпош, сметка на основен буџет (630), во кој ревизорот се воздржува од давање на мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи додека за усогласеност со закони и прописи дадено е неповолно мислење.

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за наведената ревизија, при што констатирано е дека од вкупно шест препораки, четири не се спроведени и две препораки се спроведени.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност кај Општина Карпош, сметка на основен буџет (630) за 2021 година, констатирани се следниве состојби:

- отстапувања во реализацијата во однос на планираниот буџет на општината;
- одделението за внатрешна ревизија е кадровски не екипирано;
- од октомври 2018 година општината во континуитет функционира со блокирана сметка, за што не е донесена одлука за прогласување на

финансиска нестабилност и План на мерки за надминување на финансиската нестабилност.
- за недвижен имот општината нема воспоставено регистар и
- за користење на средствата од надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти не е доставен извештај до надлежното министерство.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата извести за судските спорови во кои Општина Карпош е странка во постапките.

Во делот останати прашања ревизијата ги истакна системските слабости во законската регулатива и потребата од нивно надминување со цел комплетност и точност на остварените приходи кај општините, а кои се однесуваат и тоа:
- не е пропишано во кои рокови правните лица овластени за регистрација на возилата треба да ја уплатат комуналната такса за користење на патишта со моторни возила на сметка на општината;
- не е пропишана обврска на трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија кое врши наплата на таксата за користење и одржување јавно осветлување од имателите на броила да ги известува општините за бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број, како и за наплатените приходи и ненаплатени побарувања по овој основ;
- општината нема информации за висината на средствата што треба да се уплатат во буџетот на општината по основ приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата утврдено со Законот за земјоделско земјиште;
- општината располага со податоци за склучените договори за концесија за експлоатација на минералните суровини и врши увид на уплатените средства од концесиските надоместоци, но нема можност да ја потврди нивната целосност и точност и
- состојбата на регистарот на недвижности не е усогласена со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија.

Од страна на градоначалникот на Општина Карпош доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека една забелешка не се прифаќа и една забелешка претставува известување за преземени мерки и активности по утврдени состојби и дадените препораки.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 15 и 16 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Карпош на сметката на основен буџет (630), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември 2021 година, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија за 2016 година и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Карпош, сметка на основен буџет (630) во кој ревизорот се воздржува од давање на мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи дадено е неповолно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на градоначалникот на Општина Карпош, застапувана од:

- Стефан Богоев – градоначалник на Општина Карпош од 20.10.2017 година до 03.11.2021 година и
- Стевчо Јакимовски – градоначалник на Општина Карпош од 04.11.2021 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Градоначалникот на општината е исто така одговорен за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални

аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на општината. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на градоначалникот на општината, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува

законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 14.11.2022 до 28.02.2023 година кај Општина Карпош од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2016 година на Општина Карпош, презентирани во Прилог 1 кон овој Извештај, при што констатирано е дека од вкупно шест препораки, четири не се спроведени и две препораки се спроведени.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот и одговорните лица на Општина Карпош на ден 06.03.2023 година.

Добиени се забелешки број 11-992/6 од 18.05.2023 година на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Општина Карпош на сметка на основен буџет (630) од страна на г. Стевче Јакимовски, градоначалник, заведени во Државниот завод за ревизија под број 29-570/6 од 18.05.2023 година.
Забелешките се однесуваат на точка 4.1.2, и 4.1.4. Истите се разгледани од страна на овластениот државен ревизор и е констатирано дека забелешката на точка 4.1.2, преставува известување за преземени мерки или мерки кои ќе бидат преземени во идниот период, а забелешката на точка 4.1.4 не се прифаќа.
Забелешките на субјектот и одговорот на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор се составен дел на Конечниот извештај.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Врз основа на одредбите од Законот за локална самоуправа и Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа во декември 2020 година, Советот го донел Буџетот на Општината Карпош за 2021 година, со планирани

вкупни приходи и расходи во износ од 606.624 илјади денари и истовремено согласно законските прописи донел Одлука за извршување на Буџетот за 2021 година, со која општината и општинските буџетски корисници се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Во месец мај усвоени се Измени и дополнувања на буџетот за 2021 година, според кои проектираните приходи и расходи се зголемуваат за 93.214 илјади денари односно за 15%.

Врз основа на одредбите од ЗЛС, ЗФЕЛС, Советот има усвоено Завршна сметка на Буџетот на Општина Карпош за 2021 година според која планираните приходи и расходи изнесуваат 699.838 илјади денари со што проекцијата за предметната година во однос на реализираниот буџет за 2020 година е проектирана со зголемување од 94%.

Во текот на годината реализирани се приходи во износ од 543.627 илјади денари и расходи во износ од 541.508 илјади денари. Планираните приходи се остварени со процент од 78%, а расходите со 77%.

Отстапувањата на остварените приходи во однос на планираните произлегува од помалку реализиран/и:

- данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност за 84,6%;
- надоместок за уредување на градежно земјиште за 43,75%;
- надомест за управување со отпад на општината односно градот Скопје за 64,6%;
- приходи по основ на надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основ на експлоатирана минерална суровина) за 61,6%;
- тековни трансфери од други нивоа на власт за 100% и
- капитални трансфери од други ниво на власт за 100%.

И покрај значителните отстапувања во текот на годината на реализираните приходи во однос на планираните, градоначалникот нема поднесено предлог за дополнително усогласување на буџетските ставки, што не е во согласност со член 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, според кој доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат во планираниот обем, градоначалникот на општината му предлага на Советот измени и дополнувања на буџетот. Ваквата состојба придонесува за нереално зголемување на максималниот износ на планираните расходи, со што планираните расходи по програми на годишно ниво по кои се преземаат обврски во тековната година, остануваат како неизмирени обврски за нареден период.

Препорака:

Градоначалникот на Општина Карпош да преземе мерки и активности:

- планирањето на буџетските приходи и расходи, при изготвувањето на буџетот, да го темели на реалните состојби и можности на општината и врз основа на податоците за остварувањата во претходните години во функција на добро управување;
- да предлага на советот на општината измени и дополнувања на буџетот, во случај на отстапување на остварените од планираните буџетски приходи и расходи и измена на буџетските програми.

4.1.2. Системот на јавна внатрешна финансиска контрола го опфаќа финансиското управување и контрола, внатрешната ревизија и нивната хармонизација, воспоставени согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Меѓународните стандарди за внатрешна контрола и внатрешна ревизија.

Со цел воспоставување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола Општина Карпош има воспоставено единица за внатрешна ревизија, како самостојно одделение за внатрешна ревизија со систематизирани две работни места, раководител на одделение за внатрешна ревизија и советник-внатрешен ревизор. Во 2021 година и до моментот на вршење на ревизијата, одделението не е пополнето, а овие работни места не се предвидени во Годишните планови за вработување на општината поради што и не се вршат активностите и функцијата на внатрешната ревизија во општината.

Неизвршување на внатрешни ревизии не е согласно член 23 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, што доведува до нецелосен систем на јавна внатрешна финансиска контрола во делот на внатрешната ревизија и придонесува раководителот на субјектот да не располага со податоци потребни за обезбедување на независно, разумно и објективно уверување со цел подобрување на работењето на општината и зголемување на ефикасноста на системите на внатрешна контрола.

Во периодот на забелешки по Нацрт извештај дополнително доставен е Анекс за измена и дополнување на договор[1] за привремено вработување на работно место Советник – внатрешен ревизор.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за пополнување на систематизираните работни места во Одделението за внатрешна ревизија во насока на обезбедување на функционална единица за внатрешна ревизија.

[1] 0404-5877-80 од 01.12.2022

4.1.3. Општина Карпош од октомври 2018 година во континуитет функционира со блокирана сметка по основ на судски извршни решенија за наплата на неизмирени обврски. Согласно член 39 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа Општина Карпош е во состојба на финансиска нестабилност поради тоа што:

- сметката на општината е блокирана подолго од шест месеци или
- во период од шест месеци, континуирано секој месец, со состојба на крајот на месецот, вкупниот износ на неизмирени обврски над 60 дена, надминува 80% од реализираните приходи на основниот буџет на општината во претходната година.

Со увид во документацијата утврдивме дека Градоначалникот нема донесено одлука за прогласување на финансиска нестабилност, а со тоа и не ги извршил останатите обврски кои произлегуваат од прогласувањето на финансиска нестабилност како донесување на План на мерки за надминување на финансиската нестабилност што доведува до повеќе годишна презадолженост и неликвидност на Општината.

Во август 2022 година сметката на општината е одблокирана.

**Препорака:**

Во случај на настанување на финансиска нестабилност Градоначалникот на Општина Карпош да донесе одлука за прогласување на финансиска нестабилност и План на мерки за надминување на финансиската нестабилност.

4.1.4. Општина Карпош не води регистар за недвижен имот, обврска предвидена со член 39 од Законот за даноците на имот, согласно кој администрацијата на општините во градот Скопје и администрацијата на градот Скопје се обврзани да водат регистар на недвижен имот, како база на податоци со имиња и адреси на даночните обврзници, вкупна површина на земјиштето и зградите, вредност на имотот, даночни стапки и решенија за платен данок. Регистарот за недвижен имот со сите соодветни податоци го води градот Скопје, а Општина Карпош ја користи можноста за увид во регистарот на податоците за даночни обврзници на нејзина територија што го води градот Скопје, за следење на опфатот на регистрираните обврзници и висината на обврската.

Во 2010 година, склучена е Спогодба помеѓу Град Скопје и општините во Град Скопје согласно која општините се задолжени да иницираат активности за ажурирање на податоците во регистарот на недвижен имот кој го води градот, да ги информираат граѓаните за начинот и постапката за пријавување на недвижен имот кој подлежи на оданочување, помош на обврзниците во пополнувањето на даночната пријава за непријавениот имот како и да ги

информираат за висината на законски пропишаните казни во случај доколку не поднесат даночна пријава за постојниот имот. Во изминатиот период, општината нема преземено активности во функција на ажурирање на податоците во регистарот на недвижен имот на Град Скопје.

За 2021 година, Општина Карпош нема доставено податоци за состојбата на Регистарот за недвижен имот и Регистарот на подвижен имот до Централниот Регистар на Република Северна Македонија и до Управата за јавни приходи, што не е во согласност со член 39 од Законот за даноци на имот.

Во текот на 2022 година преземени се активности и до секторот за даноци на имот и комунални такси на Град Скопје се доставени сите решенија за стекнување на правен статус на бесправно изградени објекти за последните 5 години со цел целосно ажурирање на воспоставениот регистар на недвижен имот што го води Град Скопје со даночните обврзници кои се стекнале со дополнителен или нов имот.

Препорака:

Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности за воспоставување на Регистар за недвижен имот и навремено да ги доставува податоците за состојбата на Регистарот за недвижен имот и подвижен имот до Централниот Регистар на Република Северна Македонија и до Управата за јавни приходи.

4.1.5. Општина Карпош нема изготвено и доставено Годишен извештај за 2021 година за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот Министерството за транспорт и врски, што не е во согласност со член 20 став 10 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

Наведеното има влијание на транспарентноста во однос на користење на средствата за донесување на урбанистичка планска документација и за инфраструктурно уредување на просторот во кој се наоѓаат истите.

Од страна на одговорните лица во Општина Карпош во текот на вршење на ревизијата дополнително се доставени Известувања за висината и користењето на средствата од остварени приходи од утврдување на бесправно изградени објекти за 2021 година[2] и 2022 година[3] до МТВ.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности секоја година редовно да се

[2] Број 33-1792/1 од 06.03.2023 година
[3] Број 33-1793/1 од 06.03.2023 година

доставуваат годишни извештаи за користењето на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, Министерство за транспорт и врски.

### Основ за изразување на мислење

Вкупниот ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точката 4.1. се однесуваат на нереално планирање на годишните приходи и расходи, непополнетост на одделението за внатрешна ревизија, невоспоставен регистар на недвижен имот, недонесена одлука за прогласување на финансиска нестабилност и План на мерки за надминување на финансиската нестабилност, Годишен извештај до надлежен орган за користење на средствата од надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Карпош, на ден 31 декември 2021 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точка 4.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Карпош, сметка на основен буџет (630), во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

Обрнуваме внимание дека Општина Карпош е тужена странка во 23 постапки чија вкупна вредност изнесува 1.797.305 илјади денари и општината се јавува како тужител во 6 постапки во вкупна вредност од 142.630 илјади денари.

Бидејќи станува збор за судски постапки што се водат пред надлежните судови и до денот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат, постои неизвесност за финансиските импликации на буџетот на општината во иднина и можност за повторно блокирање на сметката на Општина Карпош.

## 7. Останати прашања

Државниот завод за ревизија во своите годишни извештаи во повеќе наврати ги обелоденуваше системските слабости кој имаат финансиски импликации во работењето на единиците на локалната самоуправа. Со цел да се обезбеди комплетност и транспарентност во наплатата на сопствените приходи на општините, ревизијата смета дека е потребно да се изврши измена и дополнување на следните законски решенија во функција на надминување на наведените слабости.

### Комунална такса што се плаќа при регистрација на возилата

7.1. Наплатата на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила - тарифен број 9 согласно Законот за комуналните такси, пропишано е да ја вршат правни лица овластени за вршење на регистрација на возилата и да ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка на општината. Во постојното законско решение не е пропишано во кои рокови правните лица треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општината, да ја известуваат општината за бројот на регистрираните возила во зависност од кубикажата и за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно.

Со воспоставениот начин на размена на податоци не е воспоставен систем кој би обезбедил точен преглед на регистрирани возила по работна зафатнина и намена, а од друга страна општините немаат законска можност да се уверат во точноста и вистинитоста на уплатените средства и комплетноста на приходите по овој основ.

Ефект од оваа состојба е нецелосен увид во наплатата и потврдувањето на приходот за општината по тој основ.

### Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување

7.2. Согласно одредбите на член 20 став 1 од Законот за комунални такси за користење и одржување на јавно осветлување се плаќа комунална такса според типот на потрошувачите. Обврзници за комуналната такса се имателите на броила од категоријата домаќинства и категоријата останата потрошувачка. Наплатата на комуналната такса за одржување на јавното осветлување од имателите на броила за мерење на електрична енергија согласно одредбите на член 20 став 3 ја врши трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и истото е должно средствата наплатени

по тој основ да ги уплати на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината. Во Законот не се предвидени одредби со кои ќе се утврди во кој рок ќе се изврши уплатата како и задолжителни податоци од кои може да се согледа дали наплатените средства од страна на трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините.

Во текот на 2008 година помеѓу ЗЕЛС и трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија склучен е Меморандум за соработка, во кој една од целите на склучениот меморандум е и зголемување на увидот, ажурноста и евиденцијата на наплатата на комуналната такса за улично осветлување. Согласно одредбите од склучениот меморандум трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се обврзува до општините да ги доставува следните податоци:

- бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број 10 од Законот за комуналните такси;
- извештај за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно;
- шестмесечен извештај за реалната состојба со бројот на броилата и
- известување за ненаплатени побарувања по основ на оваа комунална такса, од причина што ваква обврска не е пропишана со Законот за комунални такси.

Овие податоци, трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија не ги доставува до општините, со што истите немаат увид дали наплатените средства се целосни.

Во услови кога законското решение не нуди можност да се согледа дали наплатените средства од страна на трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините, а по склучениот Меморандум не се постапува, постои ризик од нецелосност и неточност на остварениот приход по тој основ во буџетот на општините.

### Приходи од давање на земјоделското земјиште во државна сопственост на користење по пат на закуп и плодоуживање

7.3. Согласно член 33 од Законот за земјоделско земјиште, од страна на Министерството за земјоделството, шумарство и водостопанство, земјоделското земјиште во државна сопственост може да се даде на користење по пат на закуп и плодоуживање. Средствата од закупнината на земјоделското земјиште во државна сопственост се уплатуваат на посебна сметка во рамките на трезорска сметка. Приходите од овие средства се распределуваат во соодност 50% за Република Северна Македонија и 50% за општините, општините во Град Скопје

и Град Скопје, во зависност од местоположбата на земјоделското земјиште кое е предмет на давање под закуп. Општините од подрачјето на Градот Скопје и Град Скопје, средствата во висина од 50% ги распределуваат во соодност 25% за општината од подрачјето на Град Скопје и 25% за Град Скопје. Средствата од закупнината на земјоделското земјиште во државна сопственост наплатени во тековната година се распределуваат на општините, општините во Град Скопје и Град Скопје кои имаат реализација на приходи од данок на недвижен имот над 80% во однос на планираните во претходната година според податоците од трезорската евиденција. Согласно законското решение, општината нема сознание за висината на средствата што треба да се уплатат, ниту пак МЗШВ има законска обврска склучените договори за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственот да ги доставува до општините за земјиштето што се наоѓа на нивната територија.

### Надоместок по основ на концесии

7.4. Согласно член 76 од Законот за минерални суровини, концесионерот кој врши детални геолошки истражувања на минерални суровини плаќа еднократен надоместок за користење на просторот, а во зависност од видот на минералната суровина определен во концесијата, односно дозволата за вршење на детални геолошки истражувања.

Концесионерот кој што врши експлоатација на минерални суровини е должен да плаќа: годишен надоместок за користење на просторот и надоместок за експлоатирана количина на минерална суровина, предмет на концесијата.

Владата на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини, донесува Тарифник во кој ги утврдува висината на надоместоците за издавање на дозволи концесии за детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини, а во зависност од видот, количината, квалитетот и начинот на преработка на минералната суровина.

Средствата се уплатуваат на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка и се 22% приход на Буџетот на Република Северна Македонија и 78% приход на буџетот на општината на чие подрачје се врши концесиската дејност.

И покрај тоа што, општината располага со податоци за склучените договори за концесии за детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини и има увид на уплатените средства на сметката на буџетот на општината, нема можност да се увери во целосноста на приходите кои се уплатени на нивната сметка по овој основ.

### Регистар на недвижен имот и регистар на подвижен имот

7.5. Согласно член 39 став 1 и 2 од Законот за даноците на имот општините, општините во Град Скопје и Град Скопје редовно треба да ја усогласуваат состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата на регистрите треба да ги доставува до Централниот регистар на Република Северна Македонија и до Управата за јавни приходи - Генерална дирекција.

Не се врши усогласување на податоците во Регистарот на недвижен имот на Град Скопје и општините во Република Северна Македонија со податоците од Геодетско катастарскиот информациски систем (ГКИС) на Агенцијата за катастар на недвижности, што претставува законска обврска на единиците на локална самоуправа, кое се одразува на комплетноста на податоците кај единиците на локална самоуправа. Ваквото усогласување не е овозможено поради неусогласените основи за евиденција на податоците (регистрите), односно во Градот и општините во Република Северна Македонија, даночните обврзници се евидентирани по ЕДБ или ЕМБГ, а во Геодетско катастарскиот информациски систем (ГКИС) на Агенцијата за катастар на недвижности се заведени по катастарска општина и катастарска парцела.

За да можат единиците на локална самоуправа целосно, брзо и квалитетно да ја ажурираат базата на податоци за данокот на имот, потребни се компатибилни регистри и размена на податоци со државните органи и институции (Централен регистар, УЈП, Агенција на катастар на недвижности на Република Северна Македонија).

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2021 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 Ден. |
| Опис на позицијата | Образложение | 2021 | 2020 |
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 490.270 | 316.651 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 11.930 | 5.466 |
| Капитални приходи | 3.3. | 13.258 | 9.917 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 31.572 | 31.407 |
| **Вкупно приходи** | | **547.030** | **363.441** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.5. | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 80.653 | 77.351 |
| Стоки и услуги | 3.5.2. | 211.625 | 162.532 |
| Каматни плаќања | 3.5.3. | 5.916 | 3.277 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 58.275 | 33.525 |
| Социјални бенефиции | 3.5.5. | 6.389 | 5.439 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **362.858** | **282.124** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **148.008** | **71.283** |
| **Отплата на главница** | 3.7. | **30.642** | **6.631** |
| **Вкупно расходи** | | **541.508** | **360.038** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | 3.8. | **5.522** | **3.403** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2021 ГОДИНА

| Опис на позицијата | Образложение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 ден. |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | 4.1. | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 5.522 | 3.403 |
| Побарувања | 4.1.2. | 149.955 | 146.982 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 1.254 | 1.849 |
| **Вкупно тековни средства** | | **156.731** | **152.234** |
| **Вкупна актива** | | **156.731** | **152.234** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | 4.2. | | |
| Краткорочни обврски по резерви | 4.2.1. | 25.588 | 35.828 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.2.2. | 1.254 | 1.849 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.3. | 129.889 | 114.557 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **156.731** | **152.234** |
| **Вкупна пасива** | | **156.731** | **152.234** |

## Преглед на резултатите

**од преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 12-30/7 од 27.03.2018 година за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2016 година на Општина Карпош**

| Препорака број | Врска со наодот од КИ | Содржина на препораката | Статус на препораката* | Преземени мерки | Коментар на ревизорот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | 4.1.1. | Градоначалникот на Општина Карпош, да преземе мерки и активности за вработување и пополнување на одделението за внатрешна ревизија, со цел подобрување на работењето на субјектот. | НС | | Одделението за внатрешна ревизија е предвидено со две работни места, раководител на одделение за внатрешна ревизија и советник – внатрешен ревизор кои не се пополнети во 2021 година и не се предвидени со Годишниот план за вработување за 2021 година. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | 4.1.2. | Секторот за финансиски прашања, заедно и во соработка со секторите надлежни за утврдување и наплата на приходите на Општина Карпош, да ги преземе следните активности:<br>- планирањето на буџетските приходи и расходи за фискалната година да се заснова на реална проценка на сопствените финансиски ресурси, базирана на историските податоци, реализираните приходи во претходната година и утврдените износи од Буџетот на РМ согласно дадените насоки во буџетскиот циркулар од Министерството за финансии,<br>- при планирањето на буџетот да се земат во предвид и достасаните, а неизмирени обврски од претходната и од минатите години, заради обезбедување на доволно финансиски средства од годишниот буџет за нивно благовремено подмирување и избегнување на дополнителни трошоци и камати,<br>- во текот на годината да се следи извршувањето на буџетот и доколку има позначителни отстапувања во остварувањето на проектираните приходи соодветно да се пристапи кон измени и дополнувања на буџетот | НС | - Буџетски календар бр.09-8209/51 од 28.12.2020 година со кој се регулираат роковите за планирање на општинскиот буџет, дефинирани се носителите на активностите и се почитуваат роковите во буџетскиот календар при реализација на конкретна активност;<br>- Буџетски циркулар бр.33-5933/1 од 29.09.2020 година;<br>- Буџет за 2021 година бр. 09-8209/47 од 28.12.2020 година;<br>- Измени и дополнувања на буџетот за 2021 год бр.09-3046/9 од 06.05.2021 година;<br>- извештаи за извршување на финансиските планови;<br>- Одлука за извршување на буџет за 2021 година бр. 09-8209/48 од 28.12.2020 година и Одлука за изменување на Одлуката за извршување на буџет бр. 09-3046/5 од 06.05.2021 година; | Во текот на 2021 година иако се земени предвид и достасаните обврски и извршена е една Измени и дополнувања на буџетот за 2021 година (ребаланс), сепак согласно Завршната сметка на буџетот, планираните приходи се остварени со процент од 78%, а расходите со 77%, додека пак планираните приходи/расходи за тековната година се за 94% поголеми во однос на реализираните приходи/расходи во претходната година. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | (ребаланс) преку доставен предлог од градоначалникот до Советот на општината, кој е надлежен за негово донесување. | | - Завршна сметка на Буџет за 2021 год бр.09-1764/26 од 11.03.2022 година;<br>- Заклучок од градоначалникот за објавување на завршна сметка бр. 1l-1960/21 од 14. 03.2022 година;<br>- Квартални извештаи;<br>- Годишен извештај 09-1764/26 од 11.03.2022 година, усвоен од Советот на Општина Карпош и<br>- Пропратни писма за доставување на Годишната сметка до ДЗР и ЦР. | |
| 3 | 4.1.3. | Надлежните служби од општината, за секоја година редовно да доставуваат годишни извештаи за користењето на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот. | НС | | Општина Карпош за 2021 година нема доставено извештај за користењето на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 | 4.1.4. | Во наредниот период, градоначалникот и надлежните служби во Општина Карпош, да преземат мерки и активности за доставување на податоците за состојбата на Регистарот на недвижен имот и Регистарот на подвижен имот до Централниот регистар на Република Македонија и до Управата за јавни приходи - Генерална дирекција најдоцна до 31 декември во годината. | НС | - Барање бр. 33-8998/1 од 02.12.2022 година со кое од страна на ОК побарани се податоци од Град Скопје во однос на Регистарот и негово доставување до ЦР и УЈП. | Регистарот на недвижен имот, во име на Општина Карпош и понатаму го води Град Скопје, додека Општина Карпош за следење на опфатот на регистрираните обврзници и висината на обврската, ја користи можноста за увид во регистарот на податоците за даночни обврзници на нејзина територија што го води Град Скопје. |
| 5 | 4.2.1. | Градоначалникот на Општина Карпош, да преземе мерки и активности за спроведување на целосен и квалитетен попис на побарувањата и обврските, евидентирани во деловните книги и финансиските извештаи на сметката на основен буџет (630). | СП | | |
| 6 | 4.2.2. | Во наредниот период, органите на Општина Карпош, да ги преземат следните мерки и активности, и тоа:<br>- на сметката на буџетот да се примаат и евидентираат приходи врз основа на издадени веродостојни и валидни документи за наплата на даноците или надоместоците од правни и физички | СП | | Ревизијата не утврди евидентирани аванси по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште, односно плаќањата на надоместоците се вршат по добивање на Пресметката за висината на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | лица.<br>- да се анализа на сите примени парични средства во вид на аванси, заради нивно враќање или евентуално затварање на авансот, доколку во меѓувреме, е издаден валиден документ за наплата на одреден вид на данок или надоместок, од страна на општината. | | | надоместокот за уредување на градежно земјиште. |

*СП-спроведена, ДС- делумно спроведена, ВТ- во тек, НС- не спроведена, НП- не применлива

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАРПОШ
„ГРАДОНАЧАЛНИК"
Бр. 11-992/6
18.05.2023 год.
СКОПЈЕ

До
Државен завод за ревизија

Г-дин м-р Максим Ацевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 18.05.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr. | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | 29-570/6 | | |

Предмет  Забелешки по Нацрт извештај

Во врска со доставениот Нацрт извештај број 29-570/5 од 12.04.2023година, Наш Број 11-992/5 од 18.04.2023 година, за извршена ревизија на финасиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година за општина Карпош Ви ги доставуваме забелешките по истиот.

Градоначалник
на општина Карпош
Стевчо Јакимовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА КАРПОШ • СКОПЈЕ

**Забелешки на На нацрт извештајот на општина Карпош на Основниот Буџет(630)**

4.1.2 Ве известуваме дека општина Карпош во моментот има склучено договор за привремено вработување на работното место Советник за внатрешна ревизија. Со годишниот план за вработување за 2024 година кој треба да биде донесен во законски рок до 31.08.2023 година ќе биде предвидено пополнување на работно место Советник - внатрешна ревизија.

Прилог Анекс за измена и дополнување на договор за вработување

4.1.4 Ве известуваме дека општина Карпош како што Ви беше потенцирано и при вршење на ревизијата дека Регистарот на недвижен и подвижен имот и покрај тоа што во член 39 од Законот за даноци пишува дека општините во град Скопје треба да водат Регистар и да го достават до Централен регистар и Управата за јавни приходи, за општините во град Скопје тоа сеуште го прави градот Скопје.

**Забелешки на На нацрт извештајот на општина Карпош на Основниот Буџет(637)**

4.1.4 Во врска со забелешката дека за ангажирање на лица преку приватна агенција за вработување, Ве известуваме дека истото е направено поради зголемен обем на работа и континуирана потреба од одржување на јавната чистота на територијата на општината. Понатаму, Ве известуваме дека во текот на 2023 година исплатата на средствата по основ на ангажирани лица се врши врз основа на комплетна пропратна документација кон фактурата.

4.2.1 По препораката во врска со неправилноста и целосноста на пописот на побарувањата и обврските евидентирани во деловните книги сметаме дека пописот е уреден, целосен и квалитетен затоа што во текот на ревизијата можевте да се уверите во веродостојноста бидејќи сите книговодствени документи Ви беа доставени уредно и Ви беа достапни за дополнителни контроли.

Во врска со пописот на побарувања и обврските на општината не спровела целосен попис на побарувањата и обврските во деловните книги, општината за да може да ги внесе во евиденција има соодветен документ каде што се гледа датумот на трансакцијата и правниот основ со пописот за 2022 година, извршен е попис и на состојбата на нематријалните средства но исто така и со попист за 2022 година утврдена е старосната стуктура на побарувањата и обврските.Исто така извршен е попис на матријалните средства во подготовка - инвестиции во тек постои усогласеност со времените ситуации за секој објект посебно и постои информација за периодот на започнување на инвестицијата и извршен е попис на вонбиласната евиденција.

4.2.2 Во врска со состојбата на недвижниот имот по решение за пренос на сопственост од 2000 година се превземаат мерки за да се изврши процена на вредноста на градежните објекти и да се внесат во евиденција.

4.2.4 Веќе од 2022 година штом се добие извршна исправа или пресуда се евидентираат обврските за дополнителните трошоци кои потекнуваат од сметководствени документи и се врши допресметка на камата.

Прилог Финансиски картици од општина Карпош и од Управа за јавни приходи

4.3.1 Во врска со забелешката дека општината не ја активирала банкарската гаранција за склучен договор , истата не е активирана од причина што

изведбените работи се во рамките на важноста на договорот и истите се изведени согласно условите од договорот.
Во врска со забелешката дека во одреден број јавни набавки не се побарани документи за потврдување на изјавите на економските оператори за исполнување на личната способност укажуваме дека пропустот е случен во периодот на рестриктивните мерки за физичко присуство за време на корона кризата. По констатирањето на истиот проверени се сите поединечни вакви случаи , при што се констатира дека апсолутно сите економски оператори во моментот на склучување на договорите ги поседувале документите за лична способност. Во наредниот период се внимава на оваа забелешка. Исто така, поврзано со потребата за доставување на документи за исполнување на личната способност сакаме да напоменеме дека е покрената дискусија со Бирото за јавни набавки за целисходноста на доставување на овие документи дополнително до Договорните органи, имајќи предвид дека сите економски оператори кои учествуваат во постапките за јавни набавки во системот на ЕСЈН мораат на секои шест месеци да ги обновуваат овие документи и да ги достават во Бирото за јавни набавки за да можат да бидат регистрирани на истиот како би можеле да учествуваат во постапките за јавни набавки.

ПРИЛОГ БР. 3

Одговор
на забелешки на
Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

Добиени се забелешки број 11-992/6 од 18.05.2023 година на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Општина Карпош на сметка на основен буџет (630) и на сметка на основен буџет (637), од страна на законскиот застапник г. Стевче Јакимовски, градоначалник, заведени во Државниот завод за ревизија под број 29-570/6 од 18.05.2023 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

Сметка на Основен буџет (630)

1. Забелешката на констатираната состојба **во точката 4.1.2** која се однесува на кадровско екипирање на одделението за внатрешна ревизија, **претставува известување** за планирани и преземени активности во насока на надминување на утврдените состојби. Во периодот на забелешки по Нацрт извештај дополнително доставен е Анекс за измена и дополнување на договор за привремено вработување на работно место Советник – внатрешен ревизор, а со Годишниот план за 2024 година ќе биде планирано пополнување на работното место Советник – за внатрешна ревизија.

2. Забелешката на констатираната состојба **во точката 4.1.4** која се однесува на не водење на регистар за недвижен имот од страна на Општина Карпош, обврска предвидена со Законот за даноците на имот, **не се прифаќа** поради не доставени дополнителни докази кои ќе влијаат на промена на утврдената состојба.

Сметка на основен буџет (637)

3. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.4**. која се однесува на големиот број на ангажирани лица преку Приватни агенции за вработување за подолг временски период од законски дозволениот и исплата на средствата по овој основ по некомплетна документација претставува **известување** за причините за нивно ангажирање кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во периодот на вршење на ревизијата, а за исплатите по некомплетна документација планирано е да се преземат мерки по дадените препораки во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

4. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.1**. која се однесува на нецелосно и неправилно извршениот попис на побарувањата, обврските и материјалните средства во подготовка за 2021 година претставува **известување**

дека Општина Карпош во 2022 година извршила попис на материјалните средства во подготовка, нематеријалните средства и ја утврдила староснатa структура на побарувањата и обврските.

5. Забелешката на констатираната состојби во **точката 4.2.2.** која се однесува на идентификација, проценка и евидентирање на дел од имотот добиен со делбен биланс помеѓу Република Македонија и општините во 1999 и 2000 година претставува **известување** дека се преземаат мерки за процена на вредноста на градежните објекти и нивно евидентирање во сметководствената евиденција на општината.

6. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.4**. која се однесува дека не се евидентираат обврските по основ на камати кои произлегуваат од извршни решенија претставува **известување** дека во 2022 година со добивање на извршни исправи или судски пресуди се врши евидентирање на дополнителните трошоци и допресметка на камата.

7. Забелешката на констатираните состојби во точката 4.3.1. и тоа на:

   - **алинеја 1** која се однесува на некомплетна документација за потврдување на личната способност на економските оператори претставува **известување** дека пропустот е случен за време на пандемијата кај дел од постапките за јавни набавки со што се потврдува утврдената состојба од страна на ревизијата и
   - **алинеја 2** која се однесува на непочитување на одредбите на договорот во делот на динамика и начин на испорака на стоките **не се прифаќа.** Со забелешките доставена е документација која ревизијата ја имаше во предвид во периодот на вршење на ревизијата, но не се доставени нови докази кои ќе влијаат на промена на утврдената состојбата.